USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

eGov Project

# е-Даноци

**Ефикасен и едноставен систем за електронско поднесување на даночни пријави**

( http://etax.ujp.gov.mk )

## Цел

Системот им дава можност на даночните обврзници да користат современ, ефикасен и безбеден начин на поднесување на голем број даночни пријави и го намалува административниот терет на Управата за јавни приходи (УЈП).

## Функционалности на системот

- Едноставно и безбедно решение кое на деловните компании им овозможува постојана комуникација со Управата за јавни приходи од 24 часа дневно во текот на неделата (24/7)
- Системот потврдува дали даночната пријава е прифатена и точна
- Системот го информира корисникот за сите видови исправки кои треба да се направат во пријавата и генерира формулари за исправка
- Системот генерира различни видови извештаи и прегледи за поднесените даночни пријави и за секоја промена на статусот на пријавите.

## Посебни придобивки

- Значително намалување на административните трошоци, како за УЈП, така и за даночните обврзници
- Го намалува ризикот од човечки грешки при поднесувањето на даночните пријави
- Овозможува транспарентна и ефикасна наплата на даноците
- Обезбедува побрза и поефикасна обработка на голем обем на податоци

## Корисници

- Деловната заедница
- Управата за јавни приходи

## Статус

Системот за е-Даноци беше пуштен во употреба во јули 2006 година. На почетокот, 131 од најголемите компании беа поканети од страна на УЈП да ги пријават своите даноци преку системот. 90% од нив се веќе регистрирани во системот, а 70% ги поднесуваат своите месечни даночни пријави по електронски пат.

Од април 2009, сите мали и средни даночни обврзници беа официјално поканети да започнат да поднесуваат даночни пријави преку е-Даноци. Оттогаш, бројот на корисници на системот секојдневно се зголемува.

www.eGov.org.mk

Проект е-Влада
Дане Крапчев 18
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3231 104
Факс: +389 2 3220 636

info@eGov.org.mk